## 4. ПО ТРАГИТЕ НА ПЕСНАТА САРДИСУВАЊЕТО НА ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР

Чалгаџиската народната песна Сардисале Лешочкиот манастир има прекрасна музика која е многу хармонична и пријатна за слушање, а со својата правдољубива содржива е една од најслушаните, најизведуваните и песна што има најповеќе аранжмани и измени на текстот. Така, песната има повеќе врзии на текст и има преку 10-на разни аранжмани и изведувачи, што укажува на нејзината голема популарност, не само во Македонија, туку и во Хрватска, Србија, Бугарија и др. земји.

Песната е создадена на основа на вистинскиот настан кој се случил 1905 година и до денес поминаа 104 години и таа е многу слушана во цела Македонија.

Песната и Настанот побудиле интерес кај многу автори да го опишат историските моменти и вистинските случувања, личностите и сл.



(Лешок, Плацот Кале, април,2009 )
(Lesok, The yard Citadel, April,2009 )

За песната и за настанот пишуваат: Живко Стефановски од Радиовце и Јован Дамјановски од Тетово, Илија Петрушевски од Лешок-Ѓорче Петров, Кочоски Владимир од Тетово, Светозаревиќ Бранислав од Тетово и Митко Ж. Спироски од Лешок-Скопје.

Во продолжение ги давам текстовите напишани од споменатите автори.

## 4.1 Стефановски Живко од Радиовце и Јован Дамјановски од Тетово, за Сардисувањето

За Сардисувањето на Лешочкиот манастир прв пат прочитав во книгата Тетово во Минатото од Кузман Најденовски од Тетово, објавена во 1964 година.

Потоа, напис за песната и за настаноот за Сардисувањето на Лешочкиот манастир прочитав во Нова Македонија од 1971 година од авторите Живко Стефановски од Радиовце и Јован Дамјановски од Тетово. Имено, редовно купував и читав Нова Македонија од 5-8 одделение, кога учев во Осмолетката во Теарце, во киоскот спроти берберот Даниљ, па, се до 1994 година, кога се јавија нови весници и списанија. Така, во 1971 година го сретнав написот од споменатите новинари. Овој напис беше за мене прв и најсодржаен за вистинитиот настан од 28 Август 1905 година, кога три дена и три ноќи е Сардисан манастирот во Лешок и во него имало околу 3. 000 лица од Полог и др. места.

Инаку, Живко Стефановски е новинар од Тетово и тетовско за Нова Македонија, МРТВ, Полог и др. и има безброј новинарски текстови и записи за тетовскиот крај, а објави и неколку книги.



( Спиро Онуфриевски, ракоположен за свештеник во Лешочка парохија, од 24 април 1894 г. до пензионирање,1932 г. )
( Spiro Onufrievski, who was enthroned as a priest in Lesok's parish since 24 April, 1894 to retirement ,1932 )

Живко Стефановски има напишано текст под наслов: Меморијален музеј на Кирил Пејчинович Тетоец во Нова Македонија од 23.11.1971 година, во која на еден многу убав и приемлив начин го опишува ликот и делото на јеромонахот Кирил Пејчинович. Во оваа книга Под ред бр. 2.28 – Епитафот на Кирил, ја давам целата содржина на стиховите кои ги напишал јеромонахот Кирил и ги исклесал на надгробната плоча, бидејќи сметам дека и тие стихови му припаѓаат на народот. Инаку, надгробната плоча од гробот на Кирил, денес е